**ЈАВЕН ПОВИК** бр.0202-454/2023

Врз основа на одредбите од Законот за вршење на сметководствени работи, Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија(Службен весник број 173 од 01.08.2022 година), на ден 12.09.2023 година објавува Јавен повик бр.0202-454/2023 за избор на претставник од страна на Институтот кој ќе биде предложен од Собранието на Институтот за член Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија.

За член на Советот може да се предложи лице кое ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да има завршено високо образование од областа на економијата или правото,
- да не е вработен во Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија и да не е член на ниедно извршно тело на истиот,
- да има најмалку пет години работно искуство во областа на сметководството или финансиите,
- да не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност и
- да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност.

За член на Советот не може да се предложи лице:

- кое е функционер кој раководи со државен орган или орган на државната управа и
- кое е носител на функција во органите на политичка партија и/или член на орган на надзор, орган на управување или кој било друг орган на правно лице од јавиот сектор основано од Владата на Република Северна Македонија односно од Собранието на Република Северна Македонија.

Сите заинтересирани кандидати кои ги исполнуваат условите наведени во подолу, најдоцна до 28.09.2023 година се должни **лично до архивата** на Институтот на ул.Кеј 13ти Ноември кула бр.2/8 Скопје, (помеѓу 8 и 16 часот) да ги достават следните документи:

- Уверение за државјанство на РСМ;
- Диплома за завршено високо образование образование од областа на економијата заверена на нотар;
- Оригинал документ издаденод АВРСМ со кои се докажува бројот на години стаж;
- кратко CV за кандидатот и мотивационо писмо;
- Уверение за овластен овластен сметководител/сметководител за кандидатот издадено од Институтот;
- Документ за потврда за редовен работен однос;
- Доказ дека кандидатот не е правосилно осудуван за кривично дело против јавните финансии, платниот промет, стопанството и службената должност,

- Потврда издадена од Централен регистар на Р.С.М. за евидентирани податоци за изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, должност или дејност.

Се известуваат сите кандидати дека согласно заклучокот од 2-та (втората седница) на Собранието одржана на 20.06.2023 година ќе треба да присуствуваат на Седницата на Собрание на која ќе се разгледуваат поднесените апликации каде ќе треба секој кандидат да има своја кратка презентација за поднесената Апликација за Член на Совет.

Институтот на сметководители
и овластени сметководители
Претседател:

________________
Весна Прентоска